unite for children

unicef

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

14 март 2009

## МАТЕМАТИКА СО РАЗМИСЛУВАЊЕ + ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ = ЕФИКТИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

### УНИЦЕФ во соработка со партнерите започна со програма за професионален развој на наставниците за да се подобрат резултатите на учениците во учењето математика и читање со разбирање

**16 март, 2009, СКОПЈЕ:** Во текот на изминатата недела, 55 наставници по математика учествуваа во првиот круг обуки за наставници ментори. Обуката е во рамките на програмата за професионален развој на наставниците за подобрување на наставата по математика и читање со разбирање која се спроведува со поддршка од УНИЦЕФ, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Програма беше изготвена по деталната анализа на пропустите во наставната програма од прво до трето одделение за да се открие зошто учениците имаат слаби резултати на меѓународните тестови по математика и читање со разбирање.

"Истражувањето откри дека во земјите кои имаат слаби резултати во знаењето математика, акцентот при предавањето на знаењето најчесто се става на учење преку меморирање наместо преку развивање способност за критичко мислење," рече претставникот на УНИЦЕФ, Шелдон Јет. "За жал, наставниците трошат премногу време на тоа да ги научат децата што да мислат наместо како да мислат. За да се подобрат резултатите во учењето на учениците потребно е наставниците да ги сменат методите на пренесување на знаењето."

Програмата за професионален развој на наставниците содржи обука на тема "Математика со размислување во одделенската настава" и "Учење на читање со разбирање и пишување во одделенската настава." Програмата го зема во предвид правото на сите деца на квалитетно образование и оддава признание на улогата на наставникот како најзначаен фактор во создавањето можности за учење.

Првиот круг на обуки се занимава со предавањето математика. Слични обуки за описменување (читање со разбирање) во одделенската настава за идни наставници ментори ќе се одржи во мај, јуни и август 2009 година. Петнаесет претставници од Бирото за развој на образованието учествуваа исто така на обуката за да ги зајакнат своите капацитети за пружање поддршка на наставниците од одделенската настава низ целата земја. Наставниците ментори ќе ја кондензираат програмата и во текот на учебната година 2009/2010 ќе делуваат како ментори за другите наставници од прво до трето одделение низ целата земја.

Програмата за професионален развој на наставниците е составен дел од иницијативата за училишта по мерка на децата која ја поддржува УНИЦЕФ. Оваа иницијатива пристапува кон реформата во образованието од перспектива на детските права. Содржи шест димензии: инклузивност, ефективност, родова соодветност, здрава, безбедна и заштитувачка околина за девојчињата и момчињата, создавање можности за демократско учество на децата, наставниците, родителите и претставниците на заедницата и почитување на детските права и мултикултурализам. Заедно со образованието за животни вештини кое се воведе во 2008 година програмата за развој на наставниците за описменување и математика се програми кои се осмислени за да им помогнат на училиштата да ги достигнат стандардите на училиштата по мерка на децата во однос на ефективноста. За повеќе информации во врска со стандардите за училишта по мерка на децата можете да ја симнете Анализата на состојбата за училишта по мерка на децата на www.unicef.org/macedonia

*За повеќе информации обратете се на:*
Suzie Pappas Capovska, Communications Officer, UNICEF Skopje (02) 3231-150, spappas@unicef.org